# СКОПСКА ГИГАНТЕСКА НА ЛУБАРДА

- **ДЕЛОТО ЌЕ БИДЕ ПОСТАВЕНО ВО НОВИОТ ДОМ НА ЈНА. — „ТОА ЌЕ БИДЕ МОЕ НАЈСИЛНО ЛИКОВНО ДЕЛО“ — ИЗЈАВИ ПОЗНАТИОТ УМЕТНИК**
- **ПЕТАР ЛУБАРДА ГОВОРИ ЕКСКЛУЗИВНО ЗА „НОВА МАКЕДОНИЈА“**



РЕПРОДУКЦИЈА НА ГИГАНТЕСКАТА НА ЛУБАРДА

Белград, 13 ноември

Во. Домот на ЈНА во Скопје ќе биде изведена монументалната композиција »Раѓање на езерото« на белградскиот сликар Петар Лубарда. По тој повод со познатиот уметник водевме подолг разговор како за споменатата слика така и за неговото сликарство воопшто.

Со Петар Лубарда се сретнавме на неговата самостојна изложба на слики од 1971 година, што е организирана во галеријата на Културниот центар во Белград по повод десетгодишнината од отворањето на оваа галерија, кога пред една деценија беше организирана, исто така, изложба на Лубарда.

* * *

Големата ѕидна декорација во свечените простории на Сојузниот извршен совет на Нов Белград носи назив „Пат кон вселената“. Ова уметничко дело е поврзано за една мошне актуелна тема — за првите човекови освојувања на вселената. Оваа грандиозна композиција не претставува обична глетка или регистрирање на небесните тела во вселената што се гледаат од нашата планета, ниту пак уметникот го занимава поблиску да ни ги претстави астрономските карактеристики за бескрајниот простор што нè окружува. Едноставно, на оваа Лубардина композиција се назираат некакви суштества кои многу потсетуваат на коњи во галоп насликани во израз со темни тонови на светло-црвена површина и, се чини, како да влечат старoримски квадриги кон небеските широчини. Што ќе претставува скопската композиција на Лубарда, од која веќе постои една варијанта изложена и наградена на годинешниов XII Октомвриски салон во Белград?

— Дадена ми е слобода самостојно да одлучам за темата — вели Лубарда. — Тоа го сфатив како голема доверба и се разбира од првите разговори па натаму доста размислував за темата на оваа скопска гигантеска. Првенствено ми беше важно да ја видам зградата и местото каде што се планира поставувањето на сликата. Кога сето го видов ми беа јасни некои контури и идеи на композицијата така што брзо потоа се одлучив токму да насликам композиција на тема „Раѓање на езерото“.



ПЕТАР ЛУБАРДА


Грађанима Македоније, а посебно Скопљу у коме сам уткао и део мојих осећања. Много среће и лепотки за празник 13 новембар

Лубарда Петар

9-XI 1971

ЧЕСТИТКАТА НА ЛУБАРДА ДО ГРАЃАНИТЕ НА СКОПЈЕ

Дали е во прашање некоја исклучиво поетска визија на големиот уметник или пак и ова раѓање на езерото е поврзано за конкретно сиже? Токму искажувањето на Лубарда за нас е мошне важно, зашто варијантата што ја видовме на Октомврискиот салон асоцира на огромни арабески, на одвај видливи траги на некакви суштества кои како да се појавуваат од некои длабочини. На целата површина доминираат зелени тонови, а општиот впечаток е како да гледаме огромна емајлирана површина од некој прекрасен земјен сад, дело на искусен грнчар.

— Што ме инспирира и што ме поттикна да изработам слика со ваква содржина? Има многу нешта и многу причини. Една од нив е што во Македонија се наоѓаат стари езера, нај стари во Европа, настанати по тектонските поместувања на земјината кора во изминатите геолошки епохи, пред милиони години. А преку тоа се содржани и многу, многу други нешта: самиот судир, воопшто раѓање како такво, односно создавањето процесот кој во природата е логичен.

Лубарда работи во разни сликарски техники. Скопската композиција ќе биде изведена во специјална лак-техника. Таа ќе зафаќа површина од 81 квадратен метар, какво место и дава лично уметникот на оваа грандиозна слика меѓу неговите монументални композиции како што се „Косовската Битка“ или „Летањето кон вселената“?

— По мое мислење оваа гигантеска ќе биде најсилна во моето досегашно ликовно создавање — ни изјави уметникот. — Работев во фреско и други сликарски техники, а сега во лак-техника. Но, за мене техниката нема првенствено значење. Секогаш се грижам ликовниот третман да биде усогласен со техниката во кој ги изведувам моите композиции.

Преку најновите слики на Лубарда како што е композицијата „Раѓањето на езерото“ или експонатите настанати во 1971 година, а кои се изложени моментално во културниот центар во Белград, уште еднаш потврдува дека овој голем уметник еднакво е заљубен во асирската и фараонската уметност, во архајските скулптури во, средновековната уметност и во редица уметнични појави карактеристични за ликовното создавање воопшто.

— Идејата секогаш мора да биде проникната со длабоко ликовно доживување. А тоа всушност значи да биде поврзана со една поетска асоцијација на доживувањето. Мислам, ако уметничкото создавање се темели на креативноста на духот што всушност е така, тоа секогаш е поврзано со поезијата. Уметноста е нешто што ја покренува човечката мисла и нејзино мерило. И ако во себе си уметникот носи такви квалитети тогаш уметноста секогаш претставува новост, а новото всушност е препознавање на еден стар познаник. Човечкиот дух низ историјата е поврзан и кога би го откинале повеќе не би го имале, односно би го загубиле. Хармонија на уметноста би требало да постои... Денешните градови имаат огромни димензии и ако не ги оплеменуваме со уметноста тие можат да постанат суви, да не кажам пусти.

Р. Кузмановски